СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Седумдесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 2 јули 1997 година

Скопје, јули 1997 година

**СЕДУМДЕСЕТ И ПРВА (71) СЕДНИЦА,ОДРЖАНА НА 2.07.1997 ГОДИНА**

ДНЕВНИОТ РЕД СЕ НАОЃА НА СТР.9

1. БУЗЛЕВСКИ ДИМИТАР 2, 3, 4, 5, 13, 23
2. КОЦЕВСКИ АЦЕ 8
3. ЛАЗАРЕВСКИ МИРКО 14, 16
4. МИНОВ ПАНЧО 21, 23
5. ПЕТКОВСКИ ТИТО (Претседава со седницата) 1
6. РАМАДАНИ САЛИ 20
7. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ 4
8. СИМЈАНОВСКИ НАУМ 14
9. ТАИРИ МЕВЉАН 5
10. ТАНТАРОВ ВЕЉО 12

С Е Д Н И Ц А Т А П Р О Д ОЛ Ж У В А!

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Седумдесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 2 јули 1997 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 15,40 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше г-дин Тито Петковски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Седумдесет и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Јане Ангеловски и Јован Лазарев ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети и претседателот и члeновите на Владата на Република Македонија.

Владата на Република Македонија согласно член 339 од Деловникот на Собранието на Република Македонија предлага Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за финансиското работење, со Предлог на закон Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (58 пратеници)

Дали е некој против? (21 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија, согласно член 339 од Деловникот на Собранието на Република Македонија предлага Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, со Предлог на закон, Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (60 пратеници)

Дали има некој против? (2 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеници)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Пратеникот Рубинчо Белчески побара Владата на Република Македонија да изготви и на Собранието да му достави Информација за појавата и делувањето на религиозните групи во Република Македонија и таа да биде разгледана на оваа седница.

Барањето е доставено до Владата на Република Македонија.

До денес во Собранието ваква информација не е добиена.

Молам претставник на Владата да се произнесе во врска со ова.

Има збор г-дин Бузлевски, потпретседателна Владата.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата на РМ прифаќа да изработи таква информација, меѓутоа, таа не можеше да се изработи до оваа седница. Ќе ја достави до Собранието,а тоа дали ќе расправа Собранието, ќе одлучите почитувани пратеници вие во понатамошниот период.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Белчески дали се согласувате? (Се согласува)

Координаторот на Пратеничката група на Либерално-демократската партија Аце Коцевски побара Владата на Република Македонија да изготви до Собранието да достави Информација за изградба на железничката пруга од Бељаковце до границата со

Република Бугарија и таа да биде разгледана на оваа седница.

Барањето е доставено до Владата на Република Македонија.

До денес ваква информација не е добиена.

Молам, претставник на Владата да се произнесе по овој предлог

Има збор г-дин Бузлевски, потпретседател на Владата.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата, исто така прифаќа да изработи ваква информација и таа изработка е во тек, во владината процедура, во соодветните ресори За оваа седница не може да се достави. Ќе се достави во понатамошниот период, а за тоа дали ќе расправате, секако, ќе одлучите вие.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине Коцевски дали го прифаќате образложението? (Да).

Благодарам.

Пратеникот Томислав Стојановски побара Владата на Република Македонија да изготви и до Собранието да достави Информација во врска со Јавното претпријатие за набавка, транспорт и дистрибуција на природен гас "ГА-МА" - Скопје и таа да биде разгледана на оваа седница.

Барањето е доставено до Владата на Република Македонија. До денес ваква информација не е добиена.

Дали претставникот на Владата ќе се произнесе по овој предлог

Има збор г-дин Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕЗСКИ:**

Владата на Република Македонија исто така прифаќа да изработи ваква информација, не за оваа седница, за една од наредните седници, а вие ќе одлучите дали ќе расправате.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Стојановски, дали го прифаќате образложението?

Има збор г-дин Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги,

Прашањето на гасоводот го актуелизираме повеќе пати во последно време. Средствата за јавно информирање исто така не информираат за поинтензивни активности, а тоа значи поголеми шанси оваа есен-зима конечно гасоводот да профункционира.

Ќе бидам задоволен ако оваа информација ја добиеме сепак до годишните одмори, ако ги користиме. Ако не, тогаш е сеедно.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Еве, претставникот на Владата прифаќа.

Пратеникот Томислав Стојановски поднесе барање Владата на Република Македонија да изготви и на Собранието да му достави информација во врска со трговијата со илегално внесено оружје, муниција и експлозивни материјали во Република Македонија и таа да биде разгледан на денешнава седница.

Барањето е доставено до Владата на Република Македонија, но информација до денес не е добиена.

Молам претставникот на Владата, г-динот 'Бузлевски да се произнесе по ова барање.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Министерството за внатрешни работи има изработено таква информација и таа е влезена во владина процедура. Предлагаме таа

формација да му се достави на пратеникот за информирање.

**ТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине Стојановски дали се согласувате? (Се согласува)

Благодарам.

Пратеникот Мевљан Таири поднесе барање Владата на Република Македонија да изготви и на Собранието да му достави информација за спроведување на Законот за државјанство на Република Македонија и состојбите за регулирање на државјанството во сегашниов момент и таа да биде разгледана на денешнава седница.

Барањето е доставено до Владата на Република Македонија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ;**

Исто така, Министерството за внатрешни работи има изработено таква информација и тоа од денот кога стапи во сила Законот. Таа е влезена во владина процедура. Предлагаме да му се достави на пратеник за информирање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Таири има збор.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Информиран сум дека Владата изготвила, односно МВР има доставено до Владата Информација за состојбите околу Законот за државјанство односно околу севкупните состојби со проблемите околу регулирање на статусот на државјанството на граѓаните на РМ, но информацијата што ја барам малку е од поинаква природа од тоа што до сега го имаме побарано.

Имено, се работи за тоа каков бил ставот, односно како се постапувало по однос на службената должност што ја имало Министерството за внатрешни работи по однос на внесување во Книгата на државјани за граѓани кои според минатите прописи односно според законите што важеле до 1992 година, тоа е Законот од 1950, од 1965, од 1977 година до времето кога е воделе книги на државјани во кои што одреден број граѓани биле внесени во тие книги на државјани. Имаме информации,потврдени од страна на Врховниот суд со нивни одлуки дека одредени баран што биел одбиени од страна на МВР, потврдени од второстепената комисија на Владата, тужбите биле прифаќани од страна на Врховниот суд.

Сметаме дека вакви случаи има многу повеќе и дека МВР би требало да ги прелиста, да ги преиспита сите случаи на граѓани кои по овие основи, по законите што важеле до 1992 година би требало по службена должност да бидат внесувани во Книгата на државјани.

На тој начин сметам дека голем број граѓани кои го немаат и ден денес регулирано државјанскиот статус, по основ на законите што важеле до 1992 година би можеле да го регулираат нивниот државјански статус. Впрочем, да повторам уште еднаш дека на ваков заклучок упатуваат и одлуките и решенијата на Врховниот суд во однос на тужби на одреден број граѓани кои имаат поднесено тужба до Врховниот суд.

На ова би сакал да надоврзам и тоа што ние неколку пати, односно во поголем случај се соочуваме дека одреден број на граѓани поседуваат уверенија издавани пред 1992 година во кои стои дека се тие државјани на СФРЈ и на тогашната СРМ, а кои што уверенија до понатамошната постапка, откако е влезен во сила Законот за државјанство од 1992 година не биле прифаќани од страна на МВР.

На ова би сакал да се надоврзам и за натамошните информации поврзани со самиот Закон од 1992 година па наваму. Имено, би сакал до Владата да се достави од страна на МВР преглед од кој што ќе се види

сериозноста на обемот и сериозноста на овој проблем со што се среќаваат граѓаните на Република Македонија и согласно на тоа, не само да ми се достави информација од која што ќе може да се види како! е обемот на тешкотиите со што се соочуваат граѓаните, туку од таа информација да се извлечат соодветни заклучоци што би упатувале на одредени измени во Законот за дражвјанство.

Во овој случај пред се мислам на рокот, цензусот од 15 години за поднесување барање за прием во државјанство и второ прашање, тоа е прашањето поврзано со граѓаните на РМ кои поради сегашниот закон што бара лицето кое поднесува барање да биде присутно во РМ, односно во моментот на поднесување на барањето на државјанство да биде во РМ, голем број на граѓани не можат да поднесат такви барања, бидејќи се на привремена работа во странство. Бидејќи нивните исправи се одам истечени, тие се без никаков регулиран статус.

Се обраќам до Владата да ја разгледа можноста за одредени измени во Законот за државјанството за овие случаи, што, сметам, би придонеле да се ублажи проблемот со кој што се соочуваат голем број граѓани при регулирање на државјанскиот статус.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали го прифаќате образложението г-дине Бузлевски? (Да)

Благодарам.

Пратеничката група на Либерално -демократската партија и пратеникот Томислав Стојановски поднесоа барање Владата на Република Македонија да изготви информација за состојбите на Македонско -албанската граница предизвикана од актуелните настани.

Владата на Република Македонија ја достави Информација за актуелните состојби на државната граница кон Република Албанија, со предлог Собранието да ја разгледа.

Информацијата ви е поделена.

Кој е за предлогот информацијата да биде разгледана на денешнава седница, молам да крене рака? (20 пратеници)

Дали има некој против? (15 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање? (45 пратеници)

Констатирам дека Предлогот не е усвоен.

Координаторот на Пратеничката група на Либерално- демократската партија пратеникот Аце Коцевски поднесе барање Владата на РМ да изготви информација за активностите на Владата во врска со приватизацијата на Градскиот трговски центар - Скопје и таа да биде разгледаа на оваа седница.

Барањето е доставено до Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата ќе изготви информација. Таа ќе биде доставен за една од наредните седници. Ќе се обидеме по можност и за наредната седница да ја доставиме. За тоа дали ќе се расправа, ќе одлучите вие.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, бидејќи се работи за многу сериозен проблем, гледате што се случува и надвор пред зградата а и воопшто во ГТЦ, во име на пратеничката група инсистирам поради актуелноста и важноста на проблемот Владата да земе обврска оваа информација да ја изготви и да ја стави на дневен ред на првата наредна седница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро.

Благодарам.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред за оваа седница да се дополни со предлози на одлуки за избор на народен правобранител и за именување на претседател на Републичката комисија за односи со верските заедници.

Предлогот ви е поделен.

Кој е за предлогот на Комисијата, молам да крене рака? (71 пратеник)

Дали има некој против? (14 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа за денешнава седница го предлагам следниов

**ДНЕВЕН РЕД:**

1. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за финансиското работење, со Предлог на закон

2. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, со Предлог на закон;

3. Предлог за донесување на закон за употреба на грбот, знамето и химната на Република Македонија, со Предлог на закон;

4. Предлог за донесување на закон за употреба на знамињата преку кои припадниците на националностите во Република Македонија го изразуваат својот идентитет и националните особености, со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за ловството, со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Република Хрватска за социјално осигурување, со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција за взаемна соработка меѓу нивните царински служби, со Предлог на закон;

8. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Македонската Влада и Италијанската Влада за поттикнување и взаемна заштита на инвестициите,со Предлог на закон

9. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Сојузната Влада на Сојузна Република Југославија за соработка во областа на ветеринарството, со Предлог на закон;

10. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Беларус за меѓународен патен сообраќај, со Предлог на закон;

11. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Владата на Кралството Холандија за меѓународен патен сообраќај, со Предлог на закон;

12. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Сојузната Влада на Сојузна Република Југославија за соработка во областа на растителниот карантин и за заштита на растенијата,со Предлог на закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:** (Продолжение)

13. Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за воедначување на некои елементи од правото на патент, со Предлог на закон;

14. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата на научна и техничка соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска, со Предлог на закон;

15. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Владата на Република Австрија за меѓународен превоз на стоки, со Предлог на закон;

16. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Македонската Влада и Владата на Италијанската Република за враќање на лица чие влегување и престој е во спротивност со важечките прописи, со Предлог на закон;

17. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Швајцарскиот Федерален Совет за меѓународен превоз на лица и стоки, со Предлог на закон;

18. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Владата на Италијанската Република за одбегнување на двојното оданочување по однос на данокот од доход и данокот на капитал и за заштита на фискалната инвазија, со Предлог на закон;

19. Предлог за донесување на закон за ратификација на Европската спогодба за патување на младите лица со колективни пасоши меѓу земјите членки на Советот на Европа, со Предлог на закон;

20. Предлог за донесување на закон за ратификација на Конзуларната конвенција меѓу Република Македонија и Република Хрватска со Предлог на закон;

21. Предлог за донесување на закон за заштита на расте- нијата од болести, штетници и плевели;

22. Предлог на одлука за избор на народен правобранител;

23. Предлог на одлука за именување претседател на Републичката комисија за односи со верските заедници.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на дневниот ред?

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници и министри, земјоделските маки со откупот и исплатата на пченицата по некое непишано правило се присутни и во годинашнава жетва. Собирањето на родот од лебното жито почна, а на жетварите односно на жетварските прашања кој ќе ја откупи пченицата, по која цена ќе ја откупи и кога ќе се исплати оваа култура, сега за сега одговорите од мелничарите и трговците со овој вид на земјоделски производ се од лоши и полоши за нашите земјоделци. Мелничарите предлагаат пченицата да ја откупат по нејзина откупна цена од 10 денари, да ја платат во рок од половина година и тоа половина во пари, половина во брашно и трици. Зошто тоа се нуди од страна на мелничарите, знаат само тие, сигурно немаа доволно средства за откуп на оваа култура. Трговците нудат откуп на пченица по 8 денари и плаќање веднаш по преземањето на оваа култура. Земјоделците овие услови не можат да ги прифатат,се знае зошто. Селаните со парите од житото треба да го издржува своето семејство, да ги плати давачките кон државата и да набави репроматеријали за наредната сеидба која почнува веднаш по самата жетва.

Имајќи ги предвид овие состојби со откуп на пченицата, од една страна, како и фактот што пченицата е од помалата листа на производи со заштитни цени и заштитен откуп од страна на државата, предлагам на

денешнава седница на Собранието на Република Македонија Владата на Република Македонија да поднесе информација за нејзините натамошни активности околу откупот на пченицата Може оваа информација да биде поднесена и усмено. Жетварите кои во овие тропски горештини се борат за собирање на секое зрно од пченицата, очекуваат таква информација. Очекуваат некој да каже дека пченицата ќе биде откупена и веднаш исплатена во пари, а не во трици и брашно. Со трици и брашно господо, не се плаќаат давачките кон државата. За нив се бараат само пари и камати за секое задоцнување. Се надевам дека оваа информација ќе биде прифатена.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам претставник на Владата да се произнесе по овој предлог.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Јас мислам дека господинот Тантаров е доволно информиран и за тоа дека на својата последна седница Владата ја разгледа Информацијата за откупот на пченицата, според тоа, таа како информација е подготвена и можеме да ја доставиме до Парламентот за оваа седница да се расправа по неа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој е за предлогот оваа точка да се усвои во дневниот ред, да крене рака? (83 пратеници)

Дали е некој против? (1)

Кој се воздржува од гласање? (4) К

Констатирам дека предлогот е усвоен.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани колеги од Владата. Имајќи ги предвид моите деловнички овластувања како пратеник во Републичкото Собрание, предлагам точката 4 од предложениот дневен ред за оваа седница да се изостави. Со образложение дека знамето како државен симбол, покрај грбот и химната единствено е тангирано во член 5 од Уставот на Република Македонија како званичен симбол на Република Македонија. Со оваа проблематика и давањето на знамето да се изразува идентитетот на националностите мислам дека се нарушува овој член од Уставот, а истовремено се надоградува индиректно член 48, што исто така претставува флангрантно кршење на Уставот на Република Македонија. Поради овие причини барам овој предлог на закон да се повлече од собраниска процедура.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот на господин Симјановски, молам да крене рака? (23)

Дали има некој против? (63)

Кој се воздржува од гласање? (8)

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

**МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници. Бидејќи информацијата за состојбите и настаните во Гостивар и пошироко во Македонија, по отфрлање на одлуката на Уставниот суд на Република Македонија од страна на Советот на општина Гостивар, доставена уште на претходната седница, не губи од својата актуелност, сериозност и итност и таа е во контекст на точките кои се донесуваат на оваа седница за употреба на знамето на националностите, нејзината основна порака останува и таа во една или

во друга форма ќе се повторува и. во иднина. Затоа мојата деловничка интервенција е да се стави таа на дневен ред на денешната седница, со оглед на сложената политичка меѓунационална и безбедносна состојба во општина Гостивар и пошироко во Македонија, а и целата наша држава. Со амандманите поднесени до Собранието на Република Македонија до страна на градоначалникот на општина Гостивар и од Советот на општина Гостивар на ден 19.06.1997 година кои се денес доставени тука со предложениот закон за употреба на знамињата, јасна е пораката која е и најава на градоначалникот на Гостивар дека законот иако биде донесен нема да се применува без предложените амандмани на Советот на општина Гостивар.

Постоењето на суштински разлики на толкувањето на одлуките на институциите на системот, почнувајќи од Уставниот суд, преку овој Парламент и Владата, кој за Советот на општина Гостивар со надгласување се игнорираат и отфрлаат, ја чини мојата информација секогаш актуелна и итна бидејќи во неа е содржана основната порака за барање оправдани или неоправдани, реални или нереални да бидат само преку институциите на системот, а не вон институционално. Затоа господине претседателе дозволете ми да дадам пошироко образложение за потребата и итноста на ставање на дневен ред на информацијата на оваа седница, а пратениците нека се изјаснат дали ќе ја уврстат во денешниот дневен ред.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине Лазаревски, јас се извинувам што ве прекинувам ако може само да помогнам. Бидејќи имаме причини за донесување на овој закон веројатно во кој дел ќе бидат апсолутно опфатени овие прашања за овој дел за кој вие говорите, не ]а знам целисходноста дали треба

едновремено и со предлогот за донесување на закон да бараме од Владата информација. Претпоставувам дека тоа ќе биде опфатено.

**МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, јас сум доставил информација до ова Собрание и барам да биде ставена на гласање дали ќе биде ставена на дневен ред или не, не е битно јас ќе барам мојата информација, не бараме информација од Владата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се извинувам, продолжете.

**МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ:**

Веќе два месеца се води специјална војна за и околу знамињата и нивното значење, нивната употреба, законитоста, регулативата кој со овој предложен закон не ги задоволува барањата на албанците во Република Македонија, кои иако државјани на оваа држава исто како и сите други државјани, имаат само едно државно знаме, една државна химна и еден државен грб, понатаму ги оспоруваат одлуките на државните институции, што води кон една вонредна состојба, не само во Гостивар и Тетово, туку и пошироко во цела Македонија.

Иако настаните во Тетово и Гостивар и пошироко во Републиката Ви се добро познати. Јас денес ќе повторам само тоа што е суштински важно. По отфрлањето на одлуката на Уставниот суд на Република

Македонија од страна на советниците албанци кои се во мнозинство во Советот на општина Гостивар, беше одржан митинг на поддршка на таа незаконска одлука ко^а и не е во надлежност на Советот на општината. Митингот беше закажан од страна на градоначалникот на општината и на истиот присуствуваа 24 градоначалници од општините во Република Македонија и приврзаниците на радикалните партии на Албанците од Републиката. По

сценариото, иконографијата и содржината,тешко можеше да се заклучи дека сето тоа се случува во Гостивар, првиот град на реката Вардар во Република Македонија. Сепак за волјата на вистината најголемиот број на граѓани од албанска националности останаа во своите домови и со секојдневните грижи, свесни дека тоа не е најдобриот начин за разрешување на проблемите од заедничкиот соживот на овие простори. Не помогна ни тоа што градоначалникот господинот Руфи Османи наредил на денот на митингот да бидат затворени сите продавници во знак на поддршка на митингот. За жал тоа придонесе да дојде до ескалација на состојбите и ноќта на 26 мај 1997 година во раните часови од непознати сторители, подоцна идентификувани, било насилно оборено албанското знаме, што уште повеќе ја вжешти состојбата во Гостивар. Со брза интервенција на полицијата била избегната несакана трагедија. Во претпладневните часови повторно беше поставено албанското знаме, покрај македонското и турското, во присуство на голем број граѓани повеќето од албанска националност во една напната и мачна атмосфера. Следува поставување на тајни стражи, што е карактеристично за една вонредна состојба, која ги става во сенка сите други важни проблеми на граѓаните од Гостивар и пошироко кои живеат во една наметната психоза во очекување на исходот.

Доаѓам од Гостивар, загрижен за состојбите и настаните последниве денови. Оваа загриженост ја делам со сите граѓани на Гостивар и пошироко, покрај големите тешкотии на стопански, социјален и друг план, дополнително се наметна новонастанатиот проблем. На сите ви е позната Одлуката на Уставниот суд за забрана на употреба на албанското, турското знаме, односно симнување на знамињата од јарболите, кои заедно со македонското се истакнати пред зградата на општинското собрание. Советот на општина Гостивар не само што не ја

спроведува, туку и не ја признава таа одлука и бара Уставниот суд да ја укине. Ваквиот развој на настаните доведе до сериозни нарушувања на меѓунационалните односи и пошироко во Западниот дел на Република Македонија и подигање на тензиите што прети да прерасне во несогледливи последици.

По решението на Советот на општина Гостивар да ја отфрли одлуката на Уставниот суд градоначалникот на: Гостивар им се обрати на собраните граѓани пред Собранието на општината со цврста решеност да се брани знамето на јарболот по секоја цена. На конференцијата за печат која следуваше по одлуката на советниците албанци градоначалникот, господинот Руфи Османи одлуката на Уставниот суд ја нарече несериозна и тенденциозна со отворена закана дека на насилно симнување на знамето ќе одговори со сила и со повторно повторување.

Македонците од Гостивар и најголемиот број на граѓани од националностите кои живеат во Гостивар, далеку поодговорно и потрезвено пријдоа и приоѓаат кон решавањето на овој проблем кој сериозно се заканува да им го наруши мирот и традиционалните добри односи. Тие трпеливо молчат и чекаат не затоа што се плашат туку затоа што веруваат во институциите на системот, веруваат во својата држава. Длабоко сум уверен дека ниту еден граѓанин на Македонија кој трезвено размислува и долгорочно ги согледува работите, не посакува натамошно влошување на состојбите, ескалација на проблемите, кои треба трпеливо да се решаваат во институциите, а не вон институционално цврсто опстојување на нереалните барања, тоа неминовно води кон натамошно влошување на меѓунационалните односи со сите опасности по заедничкиот живот и мирот во Македонија. Најпосле се однесуваме како се друго да решивме па ни останаа само знамињата, па сета енергија ја трошиме во надмудрување, докажување, уцени и закани, тези и антитези, кои се само политика и само политика.

Јас како човек лекар, со Хипократова заклетва, можам да ги разберам чувствата, но сметам дека тие не треба да бидат фактор на одлучување за прашања од ваква важност и за сите други прашања во заедничкиот живот, во заедничката држава Македонија. Само со студени глави,трпеливо и целосно меѓусебно почитување можеме да градиме односи на меѓусебна доверба и добри услови за соживот, како заедничка судбина на овие простори. Најпосле како пратеник од Гостивар, како македонец, но и како загрижен граѓанин барам спроведување на одлуката на Уставниот суд како конечна не заради симнување на знамето туку за потврдување на правната држава и почитување на институциите на нашиот систем, што е битно за постоење на една држава како итно донесување на овој закон, односно идниот закон кој е во процедура пред ова Собрание.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Лазаревски јас немам ништо против вие да го менувате мислењето. Но еве само да ве потсетам што рековте на 70-тата седница. И тогаш предложивте ваква информација да биде во дневен ред и сами рековте ред пратениците, според стенограмот, тогаш рековте вака "Бидејќи Владата на една од наредните седници, најверојатно ќе го доста ви Законот за употреба на знамињата, сметам дека на оваа седница не е ни рационално ни целесообразно да се расправа и тогаш за наредната седница на која ќе биде разгледан законот за употреба на знамињата ова ќе биде опфатено."

Ако вие сега инсистирате јас повторно ќе го ставам на гласање Вашиот предлог.

Кој е за предлогот на господинот Лазаревски, молам да крене рака? (21 пратеник).

Дали има некој против?(12)
Кој се воздржува од гласање? (27)
Констатирам дека предлогот не е усвоен.
Има збор Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

"Колку луѓе толку чуда". Предлагам третата и четвртата точка од дневниот ред и тоа точката Предлог за донесување на закон за употребата на грбот, знамето и химната на Република Македонија, со Предлог на закон и точката Предлог за донесување на закон за употребата на знамиња преку кои припадниците на националностите во Република Македонија го изразуваат својот идентитет и националните особености, со Предлог на закон,да се спојат во една заедничка точка и преиначат во точка Предлог за донесување на закон за знамињата, химните и грбот во Република Македонија, со Предлог на закон. Ова се предлага поради следните причини:

Прво, насловите на двете предложени точки, односно на двата законски проекти не одговараат адекватно на самата содржина на истите.

Второ, истите не одговараат ниту на причините поради кои треба да се донесуваат овие закони, како ниту на основните начела врз кои се засновуваат предложените за донесување на закони.

Трето, овие вака предложени законски проекти не одговараат ниту на објективните, реалните, точните барања и стремежите на сите национални колективитети кои живеат во Република Македонија, т.е. и овие знамиња, химни и грбот не треба да се употребуваат никако одвоено, туку заеднички, рамноправно и еднакво во секое време и на секое место без никакво одвојување, сепаратизам и дискриминација од било кој вид.

Четврто, самите наслови се гломазни, преопширни, апсурдни, чудни, неадекватни, па во вториот се препишува скоро целиот член 48, господине министер за правда, односно за неправда, од актуелниот Устав на Република Македонија што е и смешно и срамно и лаичко правно.

(Претседателот Тито Петковски реагираше на оваа дискусија кога се спомна министерот).

Петто, за излез од оваа незгодна состојба предлагам оваа споена точка да се одложи за утре или за некој друг ден за да има доволно време предлагачот, значи сметам и на него, да ги спои адекватно двата законски текста во еден заеднички со потребни адаптирања и исправки на многубројните грешки и од материјално - правен и од формално-правен аспект во кој треба да бидат внесени задолжително и моите забелешки и нашите предложени амандмани.

Шесто, донесувањето на закони од оваа врста поради преголемата сложеност и те како, предлагам да се донесуваат најмалку во две па и три фази. По една многу опширна јавна дискусија, па и општ народен референдум посебно за секој национален колективитет во Република Македонија.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот на господинот Сали Рамадани, молам да крене рака? (5 пратеника).

Молам, кој е против? (71 пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање? (4 пратеника).

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Има збор господинот Панчо Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници. Предлагам за дневен ред на оваа седница Владата да изготви Информација за текот, состојбите и проблемите со спроведувањето на соодветните законски прописи неодамна донесени од овој Парламент во делот на делбениот биланс помеѓу имотот на општините и државата Република Македонија.

Ова го предлагам за оваа седница затоа што во неколку општини во Република Македонија е актуелизиран многу изострениот проблем во состојба и услови на доцнење со делбениот биланс од соодветната комисија и поткомисии кои по општините беа задолжени за извршување на оваа многу важна задача за делбениот биланс меѓу имотот на државата и општините. Во една таква состојба на доднење на извршување на оваа задача Јавното претпријатие за, стопанисување со тан- бен и деловен простор на Република Македонија од, за нив, објасниви причини необично брзаа во издавањето на лицитациите за продажба на становите, ќе повторам, врзано со неизвршување на претходната задача на делбениот биланс каде не е расчистено распоредувањето дали се работи по општините за таканаречени комунални општински станови или се работи за државен имот.

Овие состојби наидуваат на многу проблеми во општините конкретно и во Кавадарци и неколку други општини и во интерес на регулирање на оваа материја која значи спроведување на законски пропи- си донесени од нас не извршувањето на тоа спроведување без наша грижа во таа насока нормално ќе има непосредни ефекти во расчистувањето на проблемите кои на терен по општините се јавуваат. Не треба да ве потсетувам дека ние утврдивме дека се тоа такви станови во кои се згрижени со решавање на социјалното прашање најзагрозените структури од населението, а ние сме и социјална држава, а воедно со Законот по предлог на Владата за социјална заштита се предвидува на таквите структури на населението да им се доделува користење на такви станови виза ви интересот со продажба тоа да биде извор на приход на државата. Напоменувам непотценувајќи го тој интерес, повикувајќи се на социјалниот карактер на нашата држава, повикувајќи се во интерес на оваа структура на население и што е најбитно затоа што не е дефиниран

делбениот биланс меѓу државата и општините да се поднесе Информација, а Владата да интервенира до извршувањето на таа законска обврска да не се спроведуваат продажби на кои претходат иселувања и големи социјални проблеми по општините.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам претставникот на Владата да се произнесе по овој предлог.

Има збор господинот Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Согласни сме дека ова покренато прашање е доволно актуелно и дека заслужува изработка на една ваква информација. Меѓуресорска група формирана од Владата работи на расчистување или поточно кажано на спроведување на законите во делот на локалната самоуправа, но за оваа седница не сме во можност да ја презентираме таа информација, бидејќи таква информација не е стигната ни до Владата. Согласни сме таква информација да помине низ владина процедура, па да ја доставиме до Парламентот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Јас се согласувам со изјаснувањето на претставникот на Владата , но по повод ова барање и неговото изјаснување барам барем во овој дел што е навистина актуелен проблем по општините да се интервенира од меѓуресорските претставници од Владата да се одложи извршувањето на иселувањето и продажбата на становите од она население кое е најзагрозено со решавање на станбените прашања до расчистување на делбениот биланс меѓу општините и државата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Секако, ова е сугестија.

Дали уште некој пратеник сака да предложи дополнување на дневниот ред? (Не).

Констатирам дека како 24 точка од дневниот ред се уврстува Информацијата за откуп на пченицата.

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака? (70 пратеници)

Дали е некој против? (5 пратеника).

Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеника).

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Дами и господа пратеници, предлагам овде да застанеме, а да продолжиме утре во 10,00 часот. (Реакција од пратениците).

Ве молам за точност.

Седницата прекина со работа во 16,30 часот.